РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2545/8
09 -12- 2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат/непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 78-та седница одржана на ден 24.11.2022 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр.08-2545/1 од 21.03.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со бр.08-2545/1 од 21.03.2022 година.

Предметот со бр.08-2545/1 од 21.03.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со бр.08-2545/1 од 21.03.2022 година е оформен по анонимна пријава.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето __________ во законски предвидениот рок од 30 дена по престанок на функцијата директор на Музеј на Град _______ не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до лицето ________. Истиот на ден 20.06.2022 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**